Врз основа на член 22 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство,туризам и трговија „ХОТЕЛИ МЕТРОПОЛ„ АД Охрид и Одлуката бр. 02-85/5 од 16.03.2006 година од Одборот на директори,се објавува

**П О В И К**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден (понеделник) 10.04.2006 година во 12,00 часот, во салата на хотел Метропол с. Конско.
За работа на седницата на Собранието се предлага следниот

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:
1. Отварање на Собранието;
2. Избор на претседавач на седницата,записничар и двајца оверувачи на записникот;
3. Избор на Верификациона комисија;
4. Извештај на Верификационата комисија;
5. Избор на бројачи на гласови;

РАБОТЕН ДЕЛ:
1. Усвојување на Записникот бр. 02-120 од 13.04.2005 година
2. Разгледување и одобрување на Извештајот за работењето на „ХОТЕЛИ МЕТРОПОЛ„ АД Охрид за 2005 година поднесен од страна на Одборот на директори
3. Разгледување на годишната сметка на „ХОТЕЛИ МЕТРОПОЛ„ АД Охрид за 2005 година и донесување на предлог Одлуки за:
   - За усвојување на годишната сметка за деловната 2005 година.
   - За распределба на добивката според годишната сметка за деловната 2005 година.
4. Извештај за извршена ревизија од страна на овластен ревизор за 2005 година, со Мислење.

5. Донесување на Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи за 2006 година.

Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред. Вклучување на нови точки во дневниот ред може да се врши само по писмен пат и начин утврден со член 390 од Законот за трговски друштва.

Право на учество во работата и право на глас во Собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кое ќе го застапува на Собранието, со писмено полномошно заверено кај нотар, кое се издава за сите акции и само за една седница на Собранието.

Акционерот е должен личното присуство да го најави пред почетокот на седницата на Собранието во седиштето на Друштвото или на телефон 046/201-009.

Овластените преставници на акционерите се должни своите полномошна да ги достават пред почетокот на седницата, заради евидентирање во списокот на присутни и бројот на гласовите кои по основ на акциите му припаѓаат на секој акционер.

Материјалите по точките од дневниот ред може да се рагледаат во седиштето на друштвото.

ХОТЕЛИ МЕТРОПОЛ АД Охрид